ПРЕДЛАГАЧ:  ГРУПА ПРАТЕНИЦИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка

Скопје,
ноември, 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 04. 11. 2024 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5259/1 | | |

До
Претседателот на Собранието на
Република Северна Македонија

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, по скратена постапка.

Пратеници:

1. Венко Филипче
2. Оливер Спасовски
3. Горан Мисовски
4. Јован Митрески
5. Љупчо Николовски
6. Миле Талевски
7. Даниела Николова
8. Димитар Ковачевски
9. Благој Бочварски
10. Митко Трајчулески
11. Бисера Костадиновска Стојчевска
12. Ѓорѓе Субетков
13. Сања Лукаревска

ВОВЕД:

## I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 148/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19, 239/19 и 41/22), се уредени висината на минималната плата, усогласувањето на истата, инспекцискиот надзор, прекршочни одредби и сл. Покрај тоа, со истиот, уреден е и начинот на усогласување на истата, при што е предвидено усогласувањето да се врши со 50% од порастот на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика и 50% од порастот на индексот на трошоците на живот, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Имајќи предвид дека во изминатиот период има појава на пораст на цените на одделни производи, кои се од витално значење за работниците, а со тоа и на домаќинствата и има влијание и на животниот стандард на истите, се наметна потребата за зголемување на минималната плата како би се обезбедил подобар животен стандард на граѓаните. Исто така, синдикатите како заштитници на правата на работниците, во изминатиот период постојано повикуваат на зголемување на минималната плата како би се обезбедил повисок животен стандард на работниците и повеќе приходи во семејствата.

Наведените состојби ја наметнаа потребата од изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон ќе предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија од причини што предвидува покачување на минималната плата за сите вработени кои се на минималната плата, вклучително и вработените во јавниот сектор.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ,КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на овој закон ќе предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 93.000.000 денари.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлогот на законот Собранието да расправа по скратена постапка.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19, 239/19 и 41/22), во член 4 пред ставот (1) се додава нов став (1) кој гласи:

“(1) Висината на минималната плата изнесува 27 700 денари во нето износ“.

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (2)“.

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (2)“.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе започне да се применува со исплатата на плата за месец ноември 2024 година која ќе се исплати во месец декември 2024 година.

## Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за минимална плата.

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Со членот 1 се додава нов став во членот 4 кој станува став 1 и со кој се утврдува висината на минималната плата во Република Северна Македонија, односно се утврдува дека висината на минималната плата ќе изнесува 27700 денари во нето износ. Ставовите 1,2,3,4 и 5 стануваат 2,3,4,5 и 6.

Со членот 2 се утврдува влегувањето во сила на овој закон и дека пресметката на новата висина на минималната плата ќе започне со исплатата на платата за месец ноември 2024 која се исплатува во месец декември 2024 година, односно дека овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија" а ќе започне да се применува со исплатата на плата за месец ноември 2024 година која ќе се исплати во месец декември 2024 година.

Со членот 3 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во овој предлог на закон, се меѓусебно поврзани со одделни одредби кои се однесуваат на исплатата на минимална плата и имаат за цел подобрување на животниот стандард на работниците..

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, ќе се предвиди нов износ на минималната плата во Република Северна Македонија која ќе започне да се исплаќа со исплатата на платата за месец ноември 2024 која се исплаќа во месец декември 2024 година.

Одредби од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија кои се менуваат и дополнуваат

Член 4

(1) Исплатената висина на минимална плата во бруто износ за месец март секоја година се усогласува со: - 50% од порастот на просечно исплатената нето плата во Република Северна Македонија, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика и - 50% од порастот на индексот на трошоците на живот, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(2) Висината на минималната плата, утврдена согласно со ставот (1) на овој член, не може да биде пониска од 57% од висината на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(3) Просечниот износ на исплатената месечна нето плата за работник кој работи помалку од полното работно време се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови во месецот.

(4) Во просечниот износ на исплатената месечна нето-плата за работник, не се пресметува додатокот на плата за прекувремена работа.

(5) Министерот за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економско-социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ усогласена согласно ставот (1) на овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во месец март секоја година, која ќе започне да се исплатува со исплатата на платата за месец март во тековната година.